ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ

за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година

1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес
   1.1 Назив на здружението и фондацијата од јавен интерес:
   ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА СОЦИЈАЛЕН И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ИН ВИВО - СКОПЈЕ
   1.2 Седиште:
   БУЛ. ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО БР. 83/4-2, 1000 СКОПЈЕ
   1.3 Податоци за контакт
   ДЕЈАН СТОЈАНОВИЌ, 078/882 288
   dejan@invivo.mk
   www.invivo.mk
   1.4 Дејност од јавен интерес:
   ОДДРЖЛИВА (РЕ)ИНТЕГРАЦИЈА НА ЛИЦА СО ПОМАЛКУ МОЖНОСТИ
   1.5 Години на дејствување:
   6 години (дд Август, 2018 година)
   1.6 Ниво на дејствување:
   НАЦОНАЛНО
   1.7 Организациска структура:
   ДВОСТЕПЕНА (ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ, ИЗВРШНА ОРГАНИЗАЦИЈА)
   1.8 Човечки ресурси:
   32 ЧЛЕНА И АКТИВИСТИ
   1.9 Членство во домашни и меѓународни мрежи:
   - МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ
   - МРЕЖА ЗА ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ
   - АСОЦИЈАЦИЈАЦИЈА ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
   - КОМОРА НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

2. Буџет
   2.1 Вкупен буџет:
   1,000,000 МКД (2023)
   2.2 Извори на финансирање:
   ПРОЕКТНИ АПЛИКАЦИИ
   ЧЛЕНАРИНИ

3. Резиме на програмата за работа
   ВО ТЕКОТ НА 2023, СПРОВЕДЕНА Е САМО ЕДНА ПРОЕКТНА АКТИВНОСТ КОЈА ШТО Е ФИНАНСИРАНА ОД НАДВОРЕШНИ ДОНАТОРИ, А ТОА Е ПРОЕКТОТ 'GREEN VIVO 2' КОЈ ШТО Е РЕАЛИЗИРАН СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МАКЕДОНСКИ КАРИТАС И ЕЛБА:
   - Општа цел на проектот (т.е. важноста на проектот за општеството и усогласеноста со мисијата на Здружението од Јавен Интерес)
     - Општа цел на проектот е промовирање на социјално претприемачките активности во нашата држава.
     - Оваа активност е во селост ускладена со мисијата на Здружението, и веруваме дека е од голема важност за општеството, затоа што:
       - Ги поттикнува граѓанските организации да насочат (барем дел) од своите активности кон економска активност, со што

би се намалила нивната 'зависност' од надворешно финансирање на проектните активности
        - Ги мотивира останатите (клучни) чинители во општественото живеење кон подобро разбирање и поддршка на социјалното претприемништво
        - Ги насочува нашите сограѓани кон доживотно учење и професионална активација (согласно нивните ментални и физички капацитети), насочувајќи ги кон целосна реинтеграција во општеството

- Целта на проектот т.е. причина за реализација на проектот и промената што е постигната со негова реализација:
    - Целта на проектот е да обезбеди дополнителни ресурси за сооодветно практикување на социјалното претпиемништво во рамки на нието Здружение
    - За остварување на оваа цел, во рамки на проектот е направена уште една голема леа за производство на биохумус

- Целна група и целно подрачје опфатени со реализацијата на проектот:
    - Во основа, целна група која што е краен корисник на успешно реализираните социјално претприемачки иницијативи се нашите сограѓани со помалку можности
    - Во поширок контекст, како целна група на нашите проектни активности се и:
        - Припадниците на граѓанското општество кои што имаат идеја/можност за спроведување на економски активности во рамки на нивното работење
        - Институциите на кои што се формалното образование им е основна дејносот, со можност за запознавање на нивните учесници со трендовите и бенефитите од социјалното претприемништво
        - Припадниците на локалните и централните власти, со кои што би ги споделиле можностите кои што произлегуваат од социјалното претприемништво, како основа за донесување на позитивни законски регулативи во оваа насока

- Период на спроведување и објаснување доколку периодот на спроведување е поинаков од планираното
    - Прокетот беше спроведен во периодот Април – Јуни, 2023 година (3 месеци)

- Носителот на проектот, партнерите и спроведувачите на проектот, како и улогата и одговорностите на секој од нив
    - Здружението ИН ВИВО единствен ностител на проектот.
    - Поддршувачи и/или спроведувачи на проектните активности се:
        - Проф. Сања Блажевска и проф. Даниела Димовска до Земјоделскиот факултет при УГД – Штип
        - Проф. Стојан Дебарлиев од Економскиот Факултет при УКИМ – Скопје

- Група студенти од Економскиот Факултет при УКИМ, кои се подржувачи на ЈУНУС Центарот при УКИМ и ентузијасти во однос на социјалното претприемништво
- Менаџментот на Комората на Органски Производители на Република Северна Македонија

- Изворите на стредствата за финансирање и алокација на средствата
  - Средствата за спроведување на овој проект (303,857 МКД) се обезбедени од Италијанската организација ЕЛБА, а на нас ни се доделени преку локалната канцеларија на МАКЕДОНСКИ КАРИТАС

  - Алокација на средствата:
    - Набавка на алати – 70,900 МКД
    - Набавка на заштитна опрема – 14,111 МКД
    - Материјали за изградба на нова леа – 20,565 МКД
    - Сировина за производство на биохумус – 68,671 МКД
    - Логистички трошоци - 53,986 МКД
    - Маркетинг алатки за комуникација – 21,624 МКД
    - Надомест за соработниците и менаџирање – 54,000 МКД

- Опис на активностите / инструментите за реализација на проектот
  - Изградба на нова леа / Тимо на ИН ВИВО
  - Промоција на мисијата на ЕЛБА и МАКЕДОНСКИ КАРИТАС / Тимот на Македонски Каритас
  - Важноста на социјалното претприемништво за лицата со помалку можности / Славчо Блажевски (поранешен бездомник)
  - Допринесот на биохмусот за производство на здрава храна / Проф. Сања Блажевска
  - Здрава почва = здрава храна / Проф. Даниела Димовска
  - Важноста на вклучување студентите во проекти поврзани со социјалното претприемништво / Проф. Стојан Дебарлиев
  - Предлози за промовирање на биохумусот / Тим составен од студенти на Економски Факултет при УКИМ
  - Предлози за продажба на биохумусот / Тим составен од студенти на Економски Факултет при УКИМ
  - Помош и поддршка од Комората на Органски Производители (КОП) / Драган Цветковиќ, Претседател на КОП

- Активности кои што не се реализирале и причините за отстапување од планираните активности
  - Сите активности се реализирани во согласност со:
    - планот за спроведување на проектните активности, и
    - апликацијата за одобрување на финансиски средства
  - Иако не беше дел од однапред планираните и предвидените проектни активности, жал ни е што - ниту во текот на проектните активности, ниту на завршниот настан на нашата покана за присуство не се одзваат претставниците на општините опфатени со оваа активност, ниту пак представниците на министерствата со кои што потенцијално би можела да се остварува одредена соработка во следниот период

- Резултати постигнати со реализација на активностите:
    - Зголемен производствен капацитет за биохумус во рамки на Здружението ИН ВИВО
    - Промоција на позитивни практики од доменот на социјалното претприемнишптво
    - Вклучување на (дел од) општествени чинитиели во една проектна активност

- Заклучоци и планови за во иднина во врска со проектот
    - И покрај сите наши залагања за подобрување на состојбите општество, во континуитет сме подложени на игнорантски однос на дел од (можеби и нај)важните чинители во општеството.
    - Иако се трудиме со практични примери и реални резултати да го го поттикнеме нашето опкружување кон 'вклучување' и допринос – сеуште се соочуваме со недостаток на доволна заинтересираноста за соодветно прилагодување на законските регулативи кои во повеќе сегменти го засегаат работењето на организациите како ИН ВИВО.
    - Поради тоа, доведени сме во ситуација во рамки на Здружението да 'се преиспитуваме' дали/како/колку/до кога ќе се посветуваме на вакви и слични проекти...

ОД ОСТАНАТИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ШТО ЈА 'ОБЕЛЕЖАА' 2023 ГОДИНА, ИЗДВОЈУВАМЕ:

- Успешно докомплетирање на административните активности поврзани со завршување на проектот НОРЕ (Надеж) кој што беше спорведуван во текот на 2021 и 2022 година:
    - Целосно документирање на проектните активности, и
    - предавање на проектната документација во домашната Национална Агенција
    - Како резултат на овие активности, во Мај 2023 добивме писмена потврда за успешно завршување на проектот од проектните координатори во Националната Агенција.

- Во текот на целата година дававме поддршка на локалниот центар за Социјално претприемништво, со цел да се овозможи донесување на Законот за социјално претприемништво. Во рамки на овие активности, организиравме (или учествавме во спроведувањето на):
    - 2 јавни трибини
    - 4 јавни настапи, и
    - подготовка на 4 проектни апликации

- Разгледување на можности и опции за нови активности кои што би допринеле за финансиска самоодржливост на Здружението, преку:
    - Иницирање на социјално-претприемачки активности во Сретеново (Дојран) насочени кон помош и поддршка локалниот туристички потенцијал
    - Иницирање на социјално-претприемачки активности на Ќафасан (Струга) насочени кон помош и поддршка на населението во руралните области

- И двете иницијативи подразбираат вклучување на лица со помалку можности
- Зајакнување на внатрешните капацитети на Здружението, преку:
  - Организација на интерни обуки (вкупно 4) за членовите и поддржувачите на нашата организација

4. Транспарентност и отчетност
   - Вредност на имотот на последниот ден на периодот за кој што се известува
     - Описот на имотот е опишан во документот кој што е наречен ИЗЈАВА, а кој што го доставувам во рамка на овој извештај
   - Извршени статусни промени
     - Во Здружението не се извршени статусни промени
   - Постоење на судир на интереси во рамки на работењето на Здружението
     - Не постои судир на интереси во рамки на работењето на Здружението
   - Поведување постапка за стечај или ликвидација
     - Не е поведена постапка за стечај или ликвидација на Здружението
   - Постоње блокирана трансакциска сметка
     - Немаме блокирана трансакциска сметка во Здружението
   - Потврда дека деловниот и финансискиот извештај се објавени на веб страницата на Здружението
     - Иако во дописот 'Барање за дополнување на деловниот и финанскиски извештај за 2023 година' наведувате дека иницијално подготвените извештаи не се објавени на нашата веб страница, одговорно тврдам дека извештаите кои што се доставени до Комисијата за ОЈИ во хартиена форма – уредно се објавени и нашата веб страница. Предпоставувам дека се работи за некоја забуна, ве молам проверете во табот ДОКУМЕНТИ на нашата веб страница, таму ќе бидат објавени и дополнувањата на кои што ги доставувам со овој извештај.

СКОПЈЕ, 25.03. 2025
Место Датум

ДЕЈАН СТОЈАНОВИЌ
Лице одговорно за составување на извештајот

Своерачен потпис

ДЕЈАН СТОЈАНОВИЌ
Одговорно лице на организацијата со статус од јавен интерес

М.П.

Своерачен потпис